# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

17 Јули 2017 година | Гевгелија | Број 10 | Година XL

Врз основа на член 36, став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ", бр.5/02), и член 38, став (1), точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија", бр. 25/06 и 8/10), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 14.07.2017 година, ја донесе следнава:

## ОДЛУКА
**за одобрување на финансиски придонес за проектот за локална и регионална конкурентност во туризмот, потпроект "Изградба / реконструкција на улица во туристички угостителски комплекс Милци"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиски придонес, кофинансирање на општина Гевгелија во проектот за локална и регионална конкурентност во туризмот, потпроект "Изградба / Реконструкција на улица во туристичко- угостителски комплекс Милци".

**Член 2**

Финансискиот придонес, кофинансирањето во потпроект "Изградба/ реконструкција на улица во туристички угостителски комплекс Милци", изнесува 6.066.980 денари.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1378/1
17.07.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 143 и 146 од Законот за заштита и спасување ("Службен Весник на РМ" бр.46/04 и 86/08 год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 14.07.2017 година, по расправата за Предлог-Елаборатот за процена на висината на штетите предизвикани од природната непогода–мраз и ниски температури на ден 21.04.2017г., го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Елаборатот за процена на висината на штетите предизвикани од природната непогода–мраз и ниски температури во општина Гевгелија на ден 21.04.2017 година, со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата:

- Се задолжува општина Гевгелија да формира посебна Комисија која што ќе води посебен деловодник, ќе ги води управно-правните постапки, ќе ги следи извештаите од работата на комисиите при Владата на РМ и од работата на Владата на РМ, и пред да истечат роковите за исплата на обештетувањето-да реагира навреме пред надлежните државни органи,

- Наместо терминот "општина Гевгелија", да се употребува терминот "град Гевгелија", во ситуација кога се набројуваат населените места во општина Гевгелија и градот Гевгелија,
- Да се анимираат оштетените земјоделци да ги осигуруваат посевите во осигурителните компании, и осигурувањето да се субвенционира од Буџетот на РМ,
- Оштетените лица да се ослободат од плаќање на надоместокот за наводнување, доколку пријавиле оштетување, но не добиле обештетување,
- Оштетените лица да бидат ослободени од плаќање на данок на имот, доколку пријавиле оштетување, но не добиле обештетување,
- Општина Гевгелија да обезбеди финансиски средства за нафта или вештачко ѓубриво на оштетените лица, доколку пријавиле оштетување, но не добиле обештетување,
- Општина Гевгелија да формира работна група којашто ќе изготви список на лица коишто ќе бидат ослободени од плаќање на давачките.

2.Елаборатот да се достави до Републичката комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи, Владата на РМ, Министерството за финансии, МЗШВ, Републичкиот завод за статистика, за разгледување и превземање на потребните активности и мерки.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1379/1<br>17.07.2017 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелија,<br>***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 143 и 146 од Законот за заштита и спасување ("Службен Весник на РМ" бр.46/04 и 86/08 год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 14.07.2017 година, по распрaвата за Предлог-Елаборатот за процена на висината на штетите предизвикани од природна непогода–невреме проследено со дожд и град во општина Гевгелија на ден 03.06.2017 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Елаборатот за процена на висината на штетите предизвикани од природна непогода– невреме проследено со дожд и град во општина Гевгелија на ден 03.06.2017 година, со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата.

- Се задолжува општина Гевгелија да формира посебна Комисија која што ќе води посебен деловодник, ќе ги води управно-правните постапки, ќе ги следи извештаите од работата на комисиите при Владата на РМ и од работата на Владата на РМ, и пред да истечат роковите за исплата на обештетувањето-да реагира навреме пред надлежните државни органи,
- Наместо терминот "општина Гевгелија", да се употребува терминот "град Гевгелија", во ситуација кога се набројуваат населените места во општина Гевгелија и градот Гевгелија,
- Новото возило на ЈПКД Комуналец-Гевгелија да чисти по минимум пет шахти на ден, и на тој начин општина Гевгелија да се сервисира за период од една година,

- Атмосферската мрежа од населбата Караорман во Гевгелија да се вклучи во атмосферскиот реципиент Рауљ,
- Да се раздвојат атмосферската и фекалната мрежа во градот, за да може да проработи Пречистителната станица во Гевгелија,
- Оштетените лица да се ослободат од плаќање на надоместокот за наводнување, доколку пријавиле оштетување, но не добиле обештетување,
- Оштетените лица да бидат ослободени од плаќање на данок на имот, доколку пријавиле оштетување, но не добиле обештетување,
- Општина Гевгелија да обезбеди финансиски средства за нафта или вештачко ѓубриво на оштетените лица, доколку пријавиле оштетување, но не добиле обештетување,
- Општина Гевгелија да формира работна група којашто ќе изготви список на лица коишто ќе бидат ослободени од плаќање на давачките.

2.Елаборатот да се достави до Републичката комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи, Владата на РМ, Министерството за финансии, МЗШВ, Републичкиот завод за статистика, за разгледување и превземање на потребните активности и мерки.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1379/2
17.07.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 17 став (2) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06,22/07, 83/09,97/10 и 6/12 год.), и член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/05 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 14.07.2017 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## За разрешување на членови во Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" - Гевгелија

1.Од Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија, заради истек на четиригодишниот мандат, **се разрешуваат** следните членови:

- **Петар Димов**, дипломиран економист од Гевгелија,
- **Александра Митровска**, со завршен Филолошки факултет, од Гевгелија,
- **Јулија Стојанова**, дипломиран правник од Гевгелија,
- **Александар Делиџаков**, со завршен Машински факултет, од Гевгелија
- **Томе Томовски**, дипломиран економист од Миравци.

2.Примерок од ова Решение да се достави до разрешените членови.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето на "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1380/1
17.07.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

---

Врз основа на член 17 став (2) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06,22/07, 83/09,97/10 и 6/12 год.), и член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/05 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 14.07.2017 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За именување членови на Управниот одбор**
**на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија**

1. Во Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија се именуваат следните членови:
- **Александар Делиџаков**, со завршен Машински факултет, од Гевгелија,
-**Оливера Крстова**, дипломиран економист од Гевгелија,
-**Александра Митровска**, со завршен Филолошки факултет од Гевгелија,
-**Никола Кусеников,** со завршен Земјоделски факултет, од Гевгелија,
-**Марија Николова-Петреска**, дипломиран економист од Гевгелија.

2. Примерок од ова Решение да се достави до именуваните членови.
3..Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето на "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1381/1
17.07.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

---

Врз основа на член 26 став (2) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06,22/07, 83/09,97/10 и 6/12 год..), и член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/05 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 14.07.2017 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За разрешување на членови на Надзорниот одбор за контрола**
**на материјално-финансиското работење на**
**Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија**

1. Од Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија, заради истек на четиригодишниот мандат, се разрешуваат членовите:
- **Александар Узунчев** , дипломиран бизнис менаџер од с.Богородица.
- **Зоран Трајановски**, дипломиран правник од с.Негорци.

- **Марија Николова-Петреска**, дипломиран економист од Гевгелија,
- **Тошко Костадинов**, дипломиран економист од Гевгелија.
-**Сузана Димитриева-Минова**, дипломиран професор по историја од Гевгелија.

2.Примерок од ова Решение да се достави до разрешените членови.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето на "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1382/1
17.07.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06,22/07, 83/09,97/10 и 6/12 год.), и член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/05 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 14.07.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За именување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија**

1. Во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија се именуваат следните членови:

- **Александра Трајкова**, дипломиран економист од Гевгелија,
- **Димитар Вегов**, дипломиран економист од Гевгелија,
- **Сава Чурлинова**, дипломиран правник од Гевгелија,
- **Емилија Божинова**, дипломиран правник од Гевгелија,
-**Сузана Димитриева-Минова**,дипломиран професор по историја од Гевгелија

2.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните членови.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето на "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1383/1
17.07.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 15 од Статутот на ЈЗУ Здравен дом "Гевгелија"-Гевгелија, член 100 став 3 од Законот за здравствена заштита ("Службен весник на РМ" бр.43/12, 87/13, 164/13, 39/14. 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16г.), како и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 14.07.2017 год., донесе

## РЕШЕНИЕ
## За именување член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравен дом "Гевгелија" -Гевгелија

1.Се именува лицето Игор Ѓуров - дипломиран правник од Гевгелија, на функцијата член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравен дом "Гевгелија" –Гевгелија, како претставник од Советот на општина Гевгелија на чие подрачје е седиштето на оваа јавна здравствена установа.

2.Да се достави по еден примерок од ова Решение до именуваниот член и до горенаведената установа.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1384/1
17.07.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став (1) алинеа 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,,бр.56/011, 162/012, 95/013 и 109/014), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Сл. Гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06 и 08/10г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 14.07.2017 год., донесе

## ОДЛУКА
## За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.408 и 399 КО Ново Конско

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на локална-урбанистичка планска документација (УП за с.Ново Конско), со која ќе се врши вклопување на изградена викенд-куќа со гаража, сопственост на Митко Смилков од Гевгелија, на КП бр.408 и 399 КО Ново Конско, во класа на намена А1-домување.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1385/1
17.07.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,,бр.56/011, 162/012, 95/013 и 109/014), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Сл. Гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06 и 08/10г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 14.07.2017 год., донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.893/1 КО Моин

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на локална-урбанистичка планска документација (УП за с.Моин), со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден помошен објект-магацин, сопственост на лицето Зоран Поп-Стефанов од Скопје, на КП бр.893/1 КО Моин, во класа на намена Г2-магацини.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1386/1
17.07.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став (1) алинеа 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,, бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Сл. Гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06 и 08/10г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 14.07.2017 год., донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.660/1 КО Давидово

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичка планска документација (УП за с.Давидово), со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден помошен објект на станбен, сопственост на лицето Никола Стојков од

с.Давидово, на дел од КП бр.660/1 КО Давидово, во класа на намена А1- Домување во станбени куќи.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1387/1
17.07.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 135 став 1 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15 и 98/15) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 31.08.2016 год. донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување Вршител на должноста директор**
**на Општинското Основно Училиште "Ристо Шуклев"-Негорци**

1.За вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Ристо Шуклев"-Негорци, сметано од 01.03.2017 год. до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето,односно најкасно до 31.08.2017 год. се именува

-Коста Попов, со завршен Педагошки факултет - одделенска настава, вработен во Општинското основно училиште "Ристо Шуклев" Негорци

2.Именуваното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ООУ"Ристо Шуклев"-Гевгелија, Законот за основно образование и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија" а се применува од 01.03.2017 год.

Бр.08-1150/1
06.06.2017 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Иван Франѓов с.р.***

---

Врз основа на член 132 став 3 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр103/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/2017) и член 50 став 1 точка 16 од Законот за

локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 06.06.2017 год. донесе

**О Д Л У К А**
**за задолжување на Училишниот Одбор на Општинското Основно Училиште "Ристо Шуклев"-Негорци за објавување на јавен оглас за избор на директор**

**Член 1**

Со оваа одлука се задолжува Училишниот Одбор на Општинското Основно Училиште "Ристо Шуклев"-Негорци најкасно до три месеци да објави јавен оглас за избор на директор.

**Член 2**

Во јавниот оглас ќе бидат утврдени условите кои со закон треба да ги исполни кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

**Член 3**

Ова одлука влегува на сила со денот на донесување а ќе се објавуви во "Службен гласник на Општина Гевгелија.

Бр.08-1150/2
06.06.2017 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Иван Франѓов с.р.***

---

Согласно член 132 став 1 и член 133 став 2 алинеа 1 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр. 103/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 ,127/16 и 67/17.) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на директор на**

**Општинското Основно Училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија**

1.Магдалена Каркалашева од Гевгелија, се разрешува од функцијата директор на Општинското Основно Училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија на предлог на Училишниот Одбор на Општинското Основно Училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија заради направена повреда на одредбите на законите или други прописи и акти, утврдени од Државниот просветен инспекторат.

2.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-462/7
06.07.2017 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Иван Франгов с.р.***

---

Врз основа на член 135 став 1 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр. 103/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 ,127/16 и 67/17) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување Вршител на должноста директор**
**на Општинското Основно Училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија**

1.За вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија, до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето, се именува

-Магдалена Каркалашева, со завршен Педагошки факултет, вработена во Општинското Основно Училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија

2.Именуваното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ООУ"Крсте Мисирков"-Гевгелија, Законот за основно образование и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија

Бр.08-1326/1
06.07.2017 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Иван Франгов с.р.***

---

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за одобрување на финансиски придонес за проектот за локална и регионална конкурентност во туризмот, потпроект "Изградба/реконструкција на улици во туристички угостителски комплекс "Милци" .................................................. 291

2.Заклучок по Елаборатот за процена на висината на штетите предизвикани од природната непогода-мраз и ниски температури во општина Гевгелија на ден 21.04.2017 година .................................................................................................... 291

3.Заклучок по Елаборатот за процена на висината на штетите предизвикани од природна непогода-невреме проследено со дожд и град во општина Гевгелија на ден 03.06.2017 година .................................................................................................... 292

4.Решение за разрешување на членови во Управен одбор на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија .................................................................................................... 293

5.Решение за именување членови на Управен одбор на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија .................................................................................................... 294

6.Решение за разрешување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија .................... 294

7.Решение за именување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија .................... 295

8.Решение за именување член во Упрвен одбор на ЈЗУ Здравен дом "Гевгелија" Гевгелија ................................................................................................................ 296

9.Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД за промена на намената на земјиштето на КП бр.408 и 399 КО Ново Конско ...................................................... 296

10.Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД за промена на намената на земјиштето на КП бр.893/1 КО Моин ............................................................ 297

11.Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД за промена на намената на земјиштето на КП бр.660/1 КО Давидово ..................................................... 296

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Решение за именување Вршител на должноста директор на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци ............................................................................................................ 298

2.Одлука за задолжување на УО на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци за објавување на јавен оглас за избор на дирктор ..................................................................... 299

3.Решение за разрешување на директор на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија ............................................................................................................................ 299

4.Решение за именување Вршител на должноста директор на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија ............................................................................................ 300

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија